# Заштита на личните податоци во дигиталната средина

- Модерното општество налага користење на дигитални алатки. Тие ни овозможуваат полесно раководење на секојдневните обврски и ни помагаат да бидеме полесно поврзани со настаните во околината, државата и светот.

- Со новите алатки се соочуваме и со нови предизвици. Со неправилно ракување со апликациите и алатките за поврзување на интернет, изложени сме на поголема опасност. Најголеми проблеми со кои можеме да се соочиме се вирусите, кражбите на личните податоци и хакерските напади.

- Кражбата на идентитетот им овозможува на киберна-паѓачите да користат податоци за регистрирање сметки користејќи легитимни кориснички информации (т.е. Лажен украден идентитет).

- Крадењето на идентитетот, во најлош случај, може да доведе до голема финансиска загуба и да влијае на вашата кредитната способност. Често се среќаваме со кражба на идентитет преку небезбедни е-пошти, односно луѓе кои се претставуваат како наши роднини, банкари итн. и ви бараат лични податоци за да ви направат некаква услуга.

- Од друга страна, таканаречените хакери прибираат информации за банкарски сметки, броеви на кредитни картички, е-адреси и други лични податоци, кои најчесто се злоупотребуваат. Можете да ги сретнете ако пребарувате небезбедни страници, наградни игри, сомнителни е-пошти, непознати линкови.

- За правилно справување со сите предизвикани опасности во дигиталната ера треба да знаеме да се заштитиме со антивирусни алатки и добри лозинки. Антивирусните алатки се бесплатни и ве штитат додека сте приклучени на интернет. Избегнувајте едноставни лозинки, избегнувајте датуми и лични податоци.




This project is funded by the European Union

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION

Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

Црвени крст Србије
Red Cross of Serbia
1876

AUSTRIAN RED CROSS

Хуманост

eco LOGIC